МАКЕДОНСКО ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА
МАКЕДОНСКИ ILO/CIS КОЛАБОРАТИВЕН ЦЕНТАР

MACEDONIAN OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH ASSOCIATION
MACEDONIAN ILO/CIS COLLABORATING CENTRE

До

Министерство за труд и социјална политика, Заменик министер г-н Ѓонул Бајрактар

Државен трудов инспекторат, директор г-н Ајладин Хавзиу

Совет за безбедност и здравје при работа, претседател проф д-р Јасмина Чаловска

Групација за безбедност и здравје при работа, претседател г-н Сашо Стојменоски

Предмет: Побарување насоки за постапување на стручните лица и стручните компании следбено на најновите препораки поврзани со болеста COVID-19

Почитувани,

Со оглед на вонредната состојба која е прогласена на ниво на целата држава, и обврската од примена и почитување на препораките на надлежните институции, под знак прашање е ставено спроведувањето на законските и подзаконските одредби кои произлегуваат од Законот за безбедност и здравје при работа (92/07).

Согласно Решението на Министерство за здравство бр.2614/1 од 19.03.2020 год., веќе се одложува спроведувањето на превентивните здравствени прегледи и со тоа работодавачите се ослободени од казнените одредби по тој основ. Ова е законска обврска која произлегува од Законот за безбедност и здравје при работа.

Следбено на ова решение, останува нерегулирано спроведувањето на другите законски обврски како обуките на вработените за безбедност и здравје при работа, проценката на ризик, контрола на опремата за работа итн.

Одтука стручните лица за безбедност при работа во компаниите и овластените правни субјекти за вршење на стручни работи за безбедност при работа, се ставени во незавидна ситуација, дали да продолжат со тековно спроведување на останатите законски барања или да делумно или целосно го запрат нивното спроведување. (пр. Не е можно да се направи проценка на ризик без учество на Д-р спец. по медицина на труд и без направен увид на терен, интервју со работници и сл.).

Одтука, побаруваме конкретни препораки, од надлежните институции, во врска со начинот на постапување, односно:

Востаничка бр.2 | П.Ф. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk

- дали да се продолжи или да се одложи спроведувањето на законските обврски од областа на безбедност и здравје при работа, а се поврзани со реализација од надворешни овластени правни субјекти,
- јасно дефинирање на опсегот на делување и инспектирање од страна на инспекциските органи во вакви вонредни ситуации (што ќе биде побарано од работодавачот при инспекциски надзор)

додека трае вонредната состојба.

Воедно би сакале да Ви препорачуваме и сет на други алтернативни мерки кои би помогнале кон делумно премостување на некои од посочените предизвици, како:

- спроведените online обуки за БЗР - теоретски, без практичен дел, да бидат прифатени како валидни од страна на инспекциските органи.
- продолжување на валидноста на претходно издадената документација, до траење на вонредните мерки
- за компаниите кои немаат направено проценка на ризик, online достапност за консултација со овластените правни субјекти врз основа на користење на мултимедијални содржини.

На крајот, би сакале да потенцираме дека во пракса активностите веќе се сведени на минимум, максимално се избегнува посета на терен или присуство на странки, се работи на довршување на веќе започнатите предмети. Затоа ја пренесуваме загриженоста на овластените правни субјекти (кои во најголем број се во категорија на микро компании), дека оваа состојба, негативно ќе се одрази покрај на стручниот дел така и на економскиот дел на работењето на овие правни субјекти.

Со почит,

Милан ПЕТКОВСКИ, м-р

________________________

претставник на професионалните здруженија во Советот за безбедност и здравје
претседател на Македонското здружение за заштита при работа

Востаничка бр.2 | П.Ф. 908 | 1000 Скопје, Македонија | Тел/Факс: 389 (0)2 2774 868
E-mail: kontakt@mzzpr.org.mk | Web: www.mzzpr.org.mk